Уп. бр. 08- 51

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Линк Мобилити Груп АС (LinkMobilityGroup AS), со седиште на Лангкаиа 1, 0150 Осло, Норвешка, доставено преку Кристијан Поленак од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден 23.05.2019 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Линк Мобилити Груп АС (LinkMobilityGroup AS), со седиште на Лангкаиа 1, 0150 Осло, Норвешка има намера да стекне единствена контрола директно врз Тера Комуникејшанс АД, со седиште во Софија на 1407 Софија, реон Лозенец, бул. Черни Влах бр. 103, Бугарија и врз Теравојс ЕАД, со седиште во Софија на 1407 Софија, реон Лозенец, бул. Черни Влах бр. 103,Бугарија, по пат на купопродажба на акции, односно удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 24.04.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од Линк Мобилити Груп АС (LinkMobilityGroup AS), со седиште на Лангкаиа 1, 0150 Осло, Норвешка, со која Линк Мобилити Груп АС, Норвешка има намера преку стекнување на акции,

односно удели, да стекне контрола над друштвата Тера Комуникејшанс АД, со седиште во Софија на 1407 Софија, реон Лозенец, бул. Черни Влах бр. 103, Бугарија и врз Теравојс ЕАД, со седиште во Софија на 1407 Софија, реон Лозенец, бул. Черни Влах бр. 103,Бугарија, во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренција.
Тера Комуникејшанс АД, Бугарија и Теравојс ЕАД, Бугарија пред концентрацијата припаѓаат на групата Алтерко.
Со наведената концентрација Линк Мобилити Груп АС, Норвешка индиректно ќе стекне контрола и над: Алтерпеј ЕООД, со седиште во Софија на 1407 Софија, реон Лозенец, бул. Черни Влах бр. 103,Бугарија, Тераkомм РО СРЛ, со седиште во Букурешт на ул. Делеа Вече бр. 28А, ап. 22, Дистрикт 2 Романија и над Трговско друштво Тера Комуникејшнс ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11 Октомври бр. 25, канцеларија 705/кат 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, како зависни друштва на Тера Комуникејшанс АД, Бугарија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**1.Линк Мобилити,** има повеќе од 15 години искуство во обезбедување на услуги со кратки известувања и решенија за известувања поврзани со мобилни комуникации за компании, јавни услуги и организации. Во регионот, Линк Мобилити е присутен во Бугарија преку Линк Мобилити ЕАД (поранешно Војском АД (Voicecom AD)) и Линк Мобилити Девелопмент Хаб ЕООД (Link Mobility Development Hub EOOD), друштва активни во областа на услуги за мобилни известувања за корпоративни клиенти (А2П СМС), обезбедување на способност на клиентите да примаат плаќања преку СМС или гласовни услуги (Премиум СМС /Премиум гласовни услуги) и одредени помошни активности.

Линк Мобилити, Норвешка е под контрола на фондови управувани од АБРИ Партнерс II, ЛЛЦ.

**2.1Тера Комуникејшанс АД, Бугарија** е активен во обезбедувањето на услуги поврзани со мобилни известувања и премиум СМС/премиум гласовни услуги.

**Алтерпеј ЕООД, Бугарија** е активен во развојот и обезбедувањето на решенија за онлајн плаќања.

**Теракомм РО СРЛ, Романија** е активен во обезбедувањето на услуги поврзани со мобилни известувања и премиум СМС/премиум гласовни услуги.

**Трговско друштво Тера Комуникејшнс ДООЕЛ Скопје, Северна Македонија** е активен во обезбедувањето на услуги поврзани со мобилни известувања и премиум СМС / премиум гласовни услуги.

**2.2Теравојс ЕАД, Бугарија** е активен во обезбедувањето на услуги поврзани со мобилни известувања и премиум СМС/премиум гласовни услуги–главно во обезбедувањето на конекција до мобилни оператори.

**Наведените претпријатијата над кои се стекнува контрола** се даватели на услуги поврзани со мобилни комункации во Бугарија, Северна Македонија и Романија. Нејзините основни деловни активности вклучуваат:

- Услуги за известувања поврзани со мобилни комуникации (А2П СМС, Виберпораки) обезбедени за деловни клиенти;
- Плаќања преку СМС, телефонско гласање и други содржини (Премиум СМС / Премиум гласовни услуги);
- Развој на софтвер и содржини за мобилни апликации, вклучувајќи развој и поддршка за платформи за испорака на мобилни содржини;
- Посветени веб услуги за промотивни и мобилни маркетинг решенија (вклучувајќи управување со развојот на присуство на интернет и регистрирање на промотивни кодови).

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**